# Исплатени уште тројца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, тројца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 503.376 денари на корисникот Дејан Салтировски од Делчево за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 377.532 денари се средства од буџетот на ЕУ и 125.844 денари се средства од буџетот на РМ.

На корисникот Шабан Љумани од Ресен исплатени се средства во износ од 554.105 денари од кои 415.578 денари се средства од буџетот на ЕУ и 138.527 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Лазар Тодоровски од Дебарца исплатени се средства во износ од 448.071 денари од кои 336.053 денари се средства од буџетот на ЕУ и 112.018 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.